РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

# *ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ*

Скопје, март 2015 година

# С О Д Р Ж И Н А


Вовед стр. 3

I. ЗАКОНСКА РАМКА 4

- правни прашања за кои се дава бесплатна правна помош 4
- Видови правна помош 5
- Даватели на бесплатна правна помош 5
- Услови за стекнување право на бесплатна правна помош 5
- Постапка на остварување на правото на бесплатна правна помош 6
- Финансирање на бесплатна правна помош (награда и надомест на трошоци за дадена правна помош) 6
- Денови на бесплатен правен совет 6

II. СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ 7

- Поднесени барања за бесплатна правна помош 7
- Број на донесени решенија за одобрување /одбивање на барањата 9
- Правна работа за која е одобрена бесплатна правна помош 9
- Даватели на бесплатна правна помош 10
- Обем на средства исплатени како награда за дадена правна помош 11
- Обем на вратени средства од наплатени трошоци во постапката за извршување 11
- Денови на бесплатен правен совет 11

# ВОВЕД

Република Македонија во своите определби за постигнување на полноправно членство и влез во Европската Унија ја има обврската за усогласување на националното законодавство со меѓународните стандарди од областа на правната помош, а со цел олеснување на пристапот до правда на граѓаните. Во таа смисла воспоставувањето на систем за бесплатна правна помош е втемелено како одредба со усвојувањето на Стратегија за реформа на правосудниот систем (2004) која предвиде донесување на посебен Закон за бесплатна правна помош со кој ќе се поставаат основите за обезбедување на слободен и ефикасен пристап до правдата и втемелување, односно законско разработување на принципот на владеење на правото.

Имено, Законот за бесплатна правна помош (“ Службен весник на Р.М”, бр. 161/09, 185/11 и 27/14 ) е донесен во декември 2009 година а со оглед да се работи за прво и релативно сложено законско решение неговата примена започна во јули 2010 година. Законот до декември 2014 година претрпе две измени, и тоа во декември 2011 година и февруари 2014 година. Со измената од 2011 година се изврши проширување на опфатот на категориите на лица кои можат да се јават како корисници на правото на бесплатна правна помош, односно беше предвидено дека како лица баратели на бесплатна правна помош можат да се јават барателите на право на азил на територија на Република Македонија. Измените и дополнувањата од 2014 година пак одеа во насока на усогласување на Законот за бесплатна правна помош со Законот за правда за децата (“Службен весник на Р.М”, бр. 148/2013 ) па се предвиде дека бесплатна правна помош има и дете во ризик и дете за кое постојат основи за сомневање дека сторило дејствие што со закон е предвидено како кривично дело или прекршок во постапките на заштита на правата и интересите на детето пред Министерството за внатрешни работи и центрите за социјални работи. Воедно предвидени беа и условите кои треба да ги исполнат овие баратели за да може да го остварат правото на бесплатна правна помош како и постапката за одобрување и тарифата за исплата на награда на адвокатите за укажаната помош во овие постапки.

Согласно на член 35 од законот, Министерството за правда изготвува Годишен извештај во кој се содржани основните информации на кои се заснова правото на бесплатна правна помош, и тоа: законската рамка, статистички податоци за бројот на поднесените барања, донесени решенија за одобрена правна помош, одбиени барања за бесплатна правна помош, видот на правната работа за која се одобрени барањата, давателите на бесплатна правна помош, обемот на средства исплатени за одобрена правна помош и обемот на вратени

средства од наплатени трошоци во постапката за извршување, деновите на бесплатен правен совет и споредбени статистички показатели.

Во таа смисла, за периодот од јули 2010 година, односно од почетокот на примената на законот па до декември 2013 година Министерството за правда има изготвено и доставено до Владата на Република Македонија 4 ( четири ) извештаи, а со поднесување на овој Годишен извештај преку увидот во содржината на податоците за периодот од 01.01.2014 година до 31.12.2014 година , се укажува на значењето што го има законот во рамки на правниот систем на државата во насока на решавање на правни прашања од интерес на граѓаните, а преку отстранување на секаква дискриминација по основа на нивната имотна состојба.

Воедно во Извештајот на Европската Комисија за напредокот на Република Македонија за 2014 година нотирано е дека земјата се наоѓа во напредна фаза која бара покомплексни подобрувања на законската регулатива што меѓудругото се однсува на подобрување на пристапот до правдата за повеќе ранливи членови на општеството поради што делот “ Пристап до правдата ” е земен предвид како важен сегмент во изготвувањето на Стратегија со Акциски план за реформа на правосудниот систем 2015 – 2020 година, област III. Пристап до правда, па имајќи ја предвид интенцијата за подобрување на законската рамка секако водејќи се од основната премиса за унапредување и демократски развој, во рамки на Министерството за правда е формирана работна група која работи на изнаоѓање на соодветни решенија кои ќе бидат спроведливи на долг рок а кои предвидуваат и ревидирање на Законот за бесплатна правна помош.

## I. ЗАКОНСКА РАМКА

Со Законот за бесплатна правна помош се уредуваат правото на бесплатна правна помош, постапката во која се остварува, корисниците, условите и начинот на неговото остварување, давателите на бесплатна правна помош, органите надлежни за одлучување, заштитата на правото на бесплатна правна помош, финансирањето и надзорот над неговото спроведување, организирање на денови на бесплатен правен совет, бесплатна правна помош во прекугранични спорови, како и надзор над примената на одредбите од законот.

### Правни прашања за кои се одобрува бесплатната правна помош

Бесплатна правна помош се одобрува во сите судски и управни постапки, доколку со него се решава прашање од интерес за барателот на

правната помош, и тоа за права од областа на социјалното, здравственото, пензиското или инвалидското осигурување, работните односи, заштитата на деца, жртвите на семејното насилство, заштитата на жртвите од казниви дела, заштитата на жртвите од трговија со луѓе, признавање на правото на азил и имотно-правните прашања.

## Видови правна помош

Бесплатната правна помош се остварува како претходна правна помош и правна помош во управни и судски постапки.

## Даватели на бесплатна правна помош

Согласно законот, бесплатната правна помош се остварува како претходна правна помош и правна помош во управни и судски постапки. Во давањето на претходна правна помош се вклучени подрачните одделенија на Министерството за правда и овластените здруженија.

Адвокатите даваат правна помош во судските и управните постапки.

## Услови за стекнување право на бесплатна правна помош

- Државјани на Република Македонија со постојано живеалиште во Република Македонија кои се корисници на социјална помош, правото на инвалидски додаток, најниска пензија кои живеат во семејна заедница со две или повеќе лица издржувани од него и семејства или самохран родител со едно или повеќе малолетни деца кои остваруваат право на детски додаток.

Покрај нив, право на бесплатна правна помош имаат и баратели на правото на азил, лице на кое му е признаено правото на азил, внатрешно раселено лице, како и раселено или прогонето лице кое на територијата на Република Македонија има престојувалиште, странските државјани, лице без државјанство, кое законски престојува во Република Македонија и државјанин на земја членка на Европската унија.

-Приходите по сите основи на тоа лице и членовите на неговото домаќинство да не го преминуваат износот од 50% од просечната месечна плата исплатена во Република Македонија за претходниот месец во времето на поднесување на барањето за бесплатна правна помош.

- Бесплатна правна помош не може да се одобри доколку барателот или член на негово семејство со кој живее во исто домаќинство има имот кој достигнува или надминува пет просечни месечни бруто плати исплатени во Република Македонија во претходниот месец

**Постапка на остварување на правото на бесплатна правна помош**

Барањето за бесплатна правна помош се поднесува лично или преку пошта во 34 –те подрачни одделенија на министерството на пропишан образец кон кој се приложува и изјава за материјално-социјалната положба на подносителот на барањето и членовите на семејството со кои живее во заедничко домаќинство, како и согласност за увид во сите податоци за нивната имотна состојба.

По поднесеното барање одлучува Министерот за правда.

**Финансирање на бесплатна правна помош (награда и надомест на трошоци за дадена правна помош)**

Бесплатната правна помош се финансира од Буџетот на Министерството за правда .

Финансиските средства се наменети за исплата на наградата на адвокатите за дадена правна помош во постапките пред надлежните органи, а согласно со Тарифата за награди и надоместок на трошоците за работа на адвокатите намалена за 30% и Тарифата за награда и надомест на трошоците за работа на адвокати за укажана правна помош на деца, намалена за 50% како и надомест на трошоците на овластеното здружение на граѓани за дадена претходна правна помош согласно со Тарифата за надоместок на трошоците за работа на здруженија на граѓани за вршење на работи на претходна правна помош.

**Денови на бесплатен правен совет**

Министерството за правда во соработка со Адвокатската комора, Нотарската комора, Комора на медијатори и Комора на извршители квартално организира денови на бесплатен правен совет за сите граѓани за прашања од областа на медијацијата, адвокатурата,нотаријатот и извршувањето.

## II. СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ( за период 01.01.2014 – 31.12.2014 година )

- Поднесени барања за бесплатна правна помош

До подрачните одделенија на Министерството за правда поднесени се вкупно *270* барања за остварување на правото на бесплатна правна помош .

*Преглед по одделни Подрачни одделенија:*

| Подрачно одделение | Број на поднесени барања |
|---|---|
| 1 | 2 |
| БЕРОВО | / |
| БИТОЛА | **19** |
| МАКЕДОНСКИ БРОД | **2** |
| ВАЛАНДОВО | **2** |
| ВИНИЦА | / |
| ГЕВГЕЛИЈА | **7** |
| ГОСТИВАР | / |
| ДЕБАР | / |
| ДЕЛЧЕВО | / |
| ДЕМИР ХИСАР | **1** |
| КАВАДАРЦИ | **5** |
| КИЧЕВО | **9** |
| КОЧАНИ | **4** |
| КРАТОВО | **10** |
| КРИВА ПАЛАНКА | **5** |
| КРУШЕВО | **1** |

| | |
|---|---|
| КУМАНОВО | **35** |
| НЕГОТИНО | **4** |
| ОХРИД | **1** |
| ПРИЛЕП | / |
| ПРОБИШТИП | **5** |
| РАДОВИШ | **12** |
| РЕСЕН | **1** |
| СВЕТИ НИКОЛЕ | **/** |
| СТРУГА | **1** |
| СТРУМИЦА | **22** |
| ТЕТОВО | **28** |
| ВЕЛЕС | **/** |
| ШТИП | **20** |
| ГАЗИ БАБА- СКОПЈЕ | **16** |
| ЧАИР- СКОПЈЕ | **5** |
| КИСЕЛА ВОДА- СКОПЈЕ | **16** |
| Министерство за правда Скопје | **14** |

***Напомена :*** Во Подрачните одделенија на Министерството за правда во Велес, Прилеп и Карпош во моментот нема вработени административни службеници па од таа причина граѓаните баратели на бесплатна правна помош своите барања за остварување на правото на бесплатна правна помош ги поднесуваат во Министерството за правда ( лицата кои имаат живеалиште на подрачјето на град Скопје) или во Подрачните одделенија на министерството во Битола и Гази Баба.

- <u>Број на донесени решенија за одобрување /одбивање на барањата</u>

Во периодот од 01.01.2014 година до 31.12.2014 година донесени се ***254*** решенија. Бројот на одобрените барања изнесува ***114,*** а бројот на одбиените барања изнесува ***140.*** За ***7*** поднесени барања запрена е постапката со заклучок, поради откажување на странката –подносителот на барањето од натамошно водење на постапката и донесени се ***4*** заклучока за запирање на користењето на правото на бесплатна правна помош поради промена на околностите.

Воедно во 2014 година поднесени се првите барања за бесплатна правна помош од лица баратели на право на азил. Имено за истиот период ( 01.01.2014 – 31.12.2014 година ) поднесени за ***25*** вакви барања од кои за ***24*** е донесен заклучок за запирање на постапката додека пак за ***1*** ( едно ) барање е одобрена бесплатна правна помош.

- <u>Правна работа за која е одобрена бесплатна правна помош</u>

Најголемиот дел од одобрените барања се однесуваат на решавање на имотно-правните прашања, потоа следуваат заштитата на жртвите на семејно насилство и заштита на деца, додека пак другите правни области како што се социјалната заштита, пензиското, социјалното и здравственото осигурување и работните односи се помалку застапени.

***

| СТАТИСТИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Година** | **Поднесени барања** | **Донесени решенија** | **Одобрени барања** | **Одбиени барања** | **Запрени постапка** |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **2010/2011 год.** (Од 07.07.2010- до 24.03.2011) | 118 | 74 | 29 | 42 | 3 |
| **2011/2012 год.** (Од 25.03.2011- до 31.03.2012) | 154 | 172 | 64 | 91 | 17 |
| **2012/2013 год.** (Од 01.04.2012- до 31.03.2013 ) | 180 | 196 | 68 | 126 | 2 |
| **2013 година** (Од 01.04.2013 до 31.12.2013) | 160 | 162 | 75 | 81 | 6 |
| **2014 година** (Од 01.01.2014 до 31.12.2014) | 270 | 254 | 114 | 140 | 11 |
| **Вкупно (Сметано од 2010, заклучно со 31 декември 2014)** | 882 | 858 | 350 | 480 | 39 |

- <u>Даватели на бесплатна правна помош</u>

За давателите на претходна правна помош и правна помош во судски и управни постапки, Министерството за правда води регистри и истите се објавени на неговата интернет страна.

Во регистарот на овластени здруженија за давање на претходна правна помош во 2014 година нема новозапишани здруженија за давање на претходна правна помош.

Во Регистарот на адвокати за давање на правна помош запишани се нови *12* адвокати, по што вкупниот број на запишани адвокати за давање на правна помош изнесува *262*, додека пак со решение на министерот Уп1.бр.11-700/2 од 15.10.2014 година 1 адвокат е избришан од Регистарот поради зголемен обем на работа.

- **<u>Обемот на средства исплатени како награда за дадена правна помош</u>**

Од Буџетот на Министерството исплатени се вкупно *770.701,00* денари. на *37* адвокати и *5* овластени здруженија вклучени во постапката на давање на бесплатна правна помош.

На овластените здруженија за дадена претходна правна помош извршена е исплата на средства во износ од *22.600,00* денари, а исплатената награда на адвокатите за дадена правна помош изнесува *748.101,00* денари.

- **<u>Обемот на вратени средства од наплатени трошоци во постапката за извршување</u>**

Доверител односно должник за наплата на трошоците во постапка на извршување согласно Законот за извршување е Република Македонија, односно Министерството. Барањето за извршување го поднесува Министерството.

*Вакви случаи во досегашната примена на законот не се појавиле.*

- **<u>Денови на бесплатен правен совет</u>**

Во периодот за кој се поднесува извештајот беа организирани денови на бесплатен правен совет и тоа на 22.10.2014 во Кичево и 24.10.2014 година во Штип.

***

| СТАТИСТИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Година | Запишани адвокати | Запишани здруженија | Исплатена награда на адвокати | Исплатен надомест на здруженија | Вкупно |
| 1. | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 2010/2011 год. (Од 07.07.2010- до 24.03.2011) | 202 | / | / | / | / |
| 2011/2012 год. (Од 25.03.2011- до 31.03.2012) | 12 | 4 | 28.000.00 | / | 28.000.00 |
| 2012/2013 год. (Од 01.04.2012- до 31.03.2013 ). | 31 | 3 | 212.354.00 | 5.800.00 | 218.154.00 |
| 2013 година (Од 01.04.2013 до 31.12.2013) | 7 | 2 | 395.609,00 | 18.800,00 | 414.409,00 |
| 2014 година (Од 01.01.2014 до 31.12.2014) | 12 | / | 748.101,00 | 22.600,00 | 770.701,00 |
| Вкупно (Сметано од 2010, заклучно со 2014 година) | 264 | 9 | 1.384.064.00 | 47.200.00 | 1.431.264.00 |

***прикажаниот износ за надомест и награда во графите 4, 5 и 6 е искажан во денари**